

# ПРИРАЧНИК за заштита на личните податоци во секторот: Осигурување

НА СИГУРНО СИ!



# Состојби во областа: Осигурување

Согласно извештаите на Националното биро за осигурување и Агенцијата за супервизија во осигурувањето, во 2013 година осигурителниот пазар бележи пораст од 2,6% во вкупно полисираната премија, споредено со 2012-та. Вредносно, од вкупно 7.195.703,000 денари полисирана премија, 6.466.244,000 се полисирана премија од неживотни осигурувања, додека преостанатите 729.459,000 денари се од осигурувања на живот.

Осигурувањето на живот бележи раст во вкупно полисираната премија споредено со 2012 година од 22%. Како одраз на ова зголемување, зголемен е и уделот во вкупно полисираната премија од 1,61% и учествува во полисираната премија со 10,14%.

Вкупниот број на изготвени полиси во 2013 година изнесува 1.065.816 од кои 1.058.075 се полиси за неживотно осигурување, а останатите 7.741 се новосклучени договори за осигување на живот.

Од вкупно 2.959.003,000 денари ликвидирани штети, 2.844.854,000 денари се штети исплатени по неживотно осигурување, додека преостанатите 114.149,000 денари се ликвидарани штети од осигурување на живот. Во споредба со 2012 година, вкупно ликвидираните штети бележат намалување од 2,77%, односно 58.912,000 денари.

Пред сé, ова е одраз на намалувањето на ликвидираните штети во неживотното осигурување. Вкупниот број на ликвидирани штети во 2013 година изнесува 48.501 од кои 47.540 се штети настанати по класи од неживотно осигурување, а останатите 961 штети се настанати по класи од осигурување на живот.

Неживотното осигурување во 2013 година има пораст во бруто полисираната премија од 50.759,000 денари, односно зголемување од 0,8% споредено со 2012 година.

Согласно пак, на податоците добиени од извршените инспекциски надзори од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци, осигурителните компании во изминатата година, по насоките добиени од страна на инспекторите, се погрижиле и за усогласување на нивното работење со прописите за заштита на личните податоци.

Обемот на личните податоци потребни за да се склучи полиса и обемот на личните податоци потребни да се пријави штетен настан се подеднакво важни.

Граѓаните најчесто се прашуваат за тоа кои од своите лични податоци треба да ги дадат на компанијата за да дојдат до полиса за осигурување, но многу повеќе кога ќе треба да пријават штетен настан.

За склучување на полиси, во базата на податоци се прибираат име и презиме, датум и место на раѓање, постојана или привремена адреса на живеење на осигуреникот, назив на друштвото за осигурување, број на полисата, времетраење на осигурувањето, осигурен случај и осигурително покритие.

Кога ќе се случи штетен настан пак, осигуреникот во Барање за надомест на штета треба да даде податоци за име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење, дата и место на настанување на штетата, податоци за полисата за осигурување, опис на штета и потпис.

## Која е целта на овој прирачник?

Целта на овој Прирачник на Дирекцијата за заштита на личните податоци е да обезбеди практични насоки и совети за вработените во осигурителниот сектор, а сè со цел унапредување на нивното знаење во областа на заштитата на личните податоци на осигурениците, кои се најбројните субјекти чии лични податоци се обработуваат токму во овој сектор. Прирачникот, меѓу другото, одговара и на најчестите прашања со кои се соочуваат и вработените во осигурителниот сектор, но и граѓаните како осигуреници. Одговорите на сите прашања ќе помогнат за подобро разбирање и остварување на правото на заштита на личните податоци.

Секојдневно, личните податоци на граѓаните се собираат и обработуваат во различни области и по различни законски основи. Секторот за осигурување е еден од секторите каде што се собираат и обработуваат лични податоци на граѓаните како осигуреници. Осигурителните компании при нивните дневни активности собираат и обработуваат голем број на лични податоци за осигурениците, како и за корисниците на осигурување, оштетените лица. Личните податоци кои се собрани од страна на осигурителните компании во одредени случаи се предмет на размена со државните органи, а понекогаш тие се пренесуваат и во други држави. Поради овој факт, заштитата на личните податоци е важен сегмент во секторот за осигурување.

Име и презиме, матичен број, адреса на живеење, фотокопија од лична карта или пасош, телефонски број, брачен статус, имотна состојба, број на регистерска табличка, висина, тежина и други податоци се лични податоци кои е потребно граѓаните да ги дадат доколку сакаат да склучат на договор за неживотно или животно осигурување, односно да потпишат полиса за осигурување.

Додека друштвата за осигурување и осигурителните брокерски друштва се одговорни за обработката на нашите лични податоци, ние мораме да обезбедиме точни и целосни податоци, но и да се информираме за тоа кои се нашите обврски согласно законите и договорите кои ги склучуваме со друштвата за осигурување и осигурителните брокерски друштва.

# Правна рамка за заштита на личните податоци

Во Република Македонија, правото на заштита на личните податоци за првпат е нормирано во член 18 од Уставот на Република Македонија од 1991 година, со што е поставена основата за обезбедување гаранција на сигурност и тајност на личните податоци и заштита од повреда на личниот интегритет на граѓаните.

Во 2005 година донесен е Законот за заштита на личните податоци кој е клучен пропис во оваа област (во 2008 година се донесени првите измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци, а во 2010 година вторите измени и дополнувања на Законот за заштита на личните податоци).

Законската рамка за заштита на личните податоци во Република Македонија ја дополнува и Законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, како и Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Конвенцијата за заштита на физичките лица во поглед на автоматската обработка на личните податоци, во врска со надзорните тела и прекуграничниот пренос на податоци.

Со донесувањето на Законот, воспоставен е еден нов концепт во Република Македонија кој подразбира вклучување на правото на приватност во нашиот правен систем, заштита на правото на приватност на граѓаните, поконкретно заштита на нивните лични податоци. Со Законот за заштита на личните податоци, приватноста станува компонента на новото општество, а не само индивидуална потреба.

Воспоставувањето на правна и институционална рамка за заштита на личните податоци претставува исклучително важен момент во историјата на заштитата на човековите права во Република Македонија, но и огромен предизвик. Основните принципи предвидени во Законот треба да бидат лесно применливи во праксата, без разлика дали станува збор за обработка на лични податоци од страна на контролорите или за развивање на правила и политики на работа, кои се тесно поврзани со заштитата на приватноста на граѓаните.

## Улога и обврска на осигурителните компании и осигурителните брокерски друштва

Согласно Законот за заштита на личните податоци, секое физичко или правно лице, орган на државната власт или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци е контролор на збирка на лични податоци.

**Контролор**

- **Осигурителна компанија**
- **Осигурително брокерско друштво**
- **Застапници во осигурувањето**
- **Национално биро за осигурување**

Збирка на лични податоци е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа. Водењето на збирките на лични податоци кои ги обработуваат контролорите, категориите на лични податоци кои се собираат и обработуваат во збирките треба да бидат предвидени со закон.

**Збирка на лични податоци**

- **База на податоци за осигурениците**
- **База на податоци за настанати штети**
- **База на податоци за оценување на осигурително покритие и степен на оштета**
- **Евиденција на вработени**
- **Евиденција од видео надзор**

Субјект на лични податоци е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените лични податоци.

**Субјекти на лични податоци**

- **Вработени**
- **Осигуреници**
- **Корисник на осигурување**

## Правна основа за обработка на личните податоци

**Согласно Законот за заштита на личните податоци, личните податоци:**

- се обработуваат правично и во согласност со закон;
- се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели;
- се соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат;
- се точни, целосни и каде што е потребно ажурирани, при што се преземаат сите соодветни мерки за бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле собрани или обработени и чувани во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци, не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците биле собрани.

Личните податоци во секторот за осигурување се собираат и обработуваат согласно Законот за супервизија на осигурување и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, а нивната заштита дополнително се обезбедува со примената на начелата од Законот за заштита на личните податоци кој ги поставува општите стандарди за заштита на личните податоци за сите области. Освен законските основи за обработка и заштита на личните податоци, секоја компанија треба да има донесено Документација за заштита на личните податоци, и тоа:

- Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и План за создавање на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Правила за определување на обврските и одговорностите на администраторот и на овластените лица при користење на документи и информатичко-комуникациската опрема;
- Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;
- Правила за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите;
- Упатство за начинот на водење евиденциии на овластени лица кои вршат обработка на лични податоци;

Секторот за осигурување претставува специфична област каде што личните податоци на дневна основа се разменуваат помеѓу главните контролори од овој сектор - друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување. Личните податоци се услов за воспоставување на правни

односи со потпишување договор за осигурување, или потпишување на полиса за осигурување, односно листа за надоместок од страна на потпишувачите. Тоа е исто така случај и при примената на правата, како и исполнување на обврските кои произлегуваат од осигурувањето.

За да може да одговори на специфичните потреби на сите заинтересирани страни, пропишани се посебни правила со кои прецизно се дефинираат одредени критериуми кои важат само за секторот осигурување. Правната рамка за секторот за осигурување се состои од:

- Законот за супервизија на осигурување; и
- Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;
- неколку подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување, кој е најважен за правната рамка во секторот: Осигурување.

## Обработка на матичниот број

Единствениот матичен број на граѓанинот ужива посебна заштита како личен податок врз основа на кој со сигурност може да се утврди идентитетот на определено лице, односно, затоа што претставува универзален идентификатор на граѓанинот.

Матичниот број на граѓанинот може да се обработува само:

- По претходна изречна согласност на субјектот на личните податоци;
- За остварување на со закон утврдени права или обврски на субјектот на лични податоци или контролорот;
- По претходно добиено одобрување од страна на Дирекцијата.

Во однос на друштвата за осигурување од страна на Дирекцијата се издадени одобренија за обработка на матичниот број на договарачите односно осигурениците.

# Права на субјектите на лични податоци

## Право на информираност

**Субјектот на лични податоци, во секој конкретен случај мора да биде информиран за:**

- Идентитетот на контролорот, неговото или нејзиното име/назив и адреса, и на неговиот или нејзиниот овластен претставник во земјата доколку го има;
- За целите на обработка;
- Корисниците или категориите на корисници на личните податоци;
- Дали одговорите на прашањата се задолжителни или доброволни;
- Можните последици од недавањето на одговор; и
- Постоењето на право на пристап и правото на исправање на неговите или нејзините лични податоци.

## Правото на пристап

**Субјектот на лични податоци во секое време може да побара од контролорот да го информира него или неа:**

- Дали неговите или нејзините лични податоци се обработуваат;
- За целите и правната основа за обработка на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои личните податоци се даваат на користење;
- Логиката за автоматската обработка во случај ако одлуката е направена преку автоматска обработка.

Контролорот треба да одговори на ова барање во рок од 15 дена.

## Право на дополнување, корегирање и ажурирање на личните податоци

По барање на субјектот на личните податоци, контролорот е должен да ги дополни, измени, избрише или да го спречи користењето на личните податоци, ако тие се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со одредбите на ЗЗЛП. Ако контролорот утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, одговорниот работник кај контролорот е должен да дополни, измени или да ги избрише нив, без оглед на тоа дали субјектот има поднесено барање за истото.

За извршеното дополнување, измена или бришење на личните податоци, контролорите се обврзани во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, писмено да го известат субјектот на личните податоци, корисниците или третите страни на кои се откриени личните податоци, освен ако тоа не е можно или предизвикува несразмерни напори или трошоци.

## Специфични прашања во врска со заштитата на личните податоци

### *Прашање: Кои збирки на лични податоци можат да ги водат друштвата за осигурување?*

Друштвата за осигурување се должни да ги водат следните збирки лични податоци:

- База на податоци за осигурениците;
- База на податоци за настанати штети;
- База на податоци за оценување на осигурително покритие;
- Регистар на агентите за осигурување;
- Евиденција на вработени;
- Евиденција од видео надзор.

### *Прашање: Кои збирки на лични податоци можат да ги водат осигурителните брокерски друштва?*

Брокерските осигурителни компании и агенциите за осигурување се должни да ги водат истите збирки на лични податоци како Агенцијата за супервизија на осигурување.

Исто како збирките на лични податоци водени од страна на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, така и збирките на лични податоци одржувани од страна на брокерските осигурителни компании и друштвата за осигурување се јавни и поради оваа причина тие не се предмет на регистрирање во Централниот регистар за збирките на личните податоци.

### *Прашање: Кои збирки на лични податоци можат да ги води Националното биро за осигурување?*

Националното биро за осигурување ги води истите збирки на лични податоци како и друштвата за осигурување. Кога станува збор за категориите на лични податоци содржани во збирките кои ги води Националното биро, тие се следните:

- регистарските ознаки од регистарските таблички, видови, марки, типови, броеви на шасии, односно каросерии од возилата, регистрирани државата;
- името и презимето, единствениот матичен број, датумот и местото на раѓање, постојаното и привременото место на живеење на осигуреникот;

- името и седиштето на овластени претставници, назначени од друштвата за осигурување на други земји-членки на Европската унија во нашата држава.

***Прашање: Дали друштвата за осигурување можат да воспоставаат и водат збирки на лични податоци различни од оние дефинирани во Законот за супервизија на осигурувањето?***

Да, ова е сосем можно. Останува можноста да се создаваат други збирки на лични податоци врз основа на согласност на субјектот на лични податоци, како и да се создаваат збирки на лични податоци врз основа на други закони, како што се евиденција на вработени или евиденција на работното време на вработените.

***Прашање: Кога друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување се должни да ги пријават збирките на лични податоци во Централниот регистар на збирките на личните податоци во рамките на Дирекцијата за заштита на личните податоци?***

Дирекцијата за заштита на личните податоци мора да биде известена за постоењето на сите збирки на лични податоци од страна на друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување. Осигурителната компанија и Националното биро за осигурување не се обврзани да ја известат Дирекцијата, ако:

- личните податоци се дел од јавно достапни збирки врз основа на закон;
- збирката на лични податоци се однесува на најмногу десет вработени кај контролорот; или
- обработката се однесува на личните податоци на членови на здруженија основани за политички, филозофски, верски или синдикални цели.

Линкот за Централниот регистар на збирките на личните податоци може да се најде на веб-страницата на Дирекцијата. Главната цел на Централниот регистар на збирките на личните податоци е да обезбеди транспарентност во обработката на личните податоци. Исто така, овој регистар треба да им обезбеди можност на граѓаните, во секое време да проверуваат какви видови на личните податоци се обработуваат за неа/него, од страна на друштвата за осигурување.

***Прашање: Кои збирки на лични податоци можат да ги води Агенцијата за супервизија на осигурувањето?***

Агенцијата за супервизија на осигурување ги одржува следните бази на податоци:

- Регистар на осигурителни брокери
- Регистар на застапници во осигурувањето
- Регистар на актуари
- Евиденција на вработени

Овие збирки на лични податоци се јавни и затоа Агенцијата за супервизија на осигурување не е должна да ги регистрира збирките на лични податоци во Централниот регистар за збирки на лични податоци во рамките на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

## Собирање, обработка и откривање на лични податоци

***Прашање: На кој начин друштвата за осигурување собираат лични податоци?***

Друштвата за осигурување можат да ги собираат личните податоци:

- директно од лицето за кое се однесуваат;
- од други лица (сведоци на настанувањето на штетата);
- име и презиме, датум и место на раѓање, постојана или привремена адреса на осигуреникот и називот на осигурителна компанија, бројот на полиса, времетраењето на осигурување, полисата за осигурен случај и осигурително покритие може да биде собрани од базите на податоци формирани во рамките на друштвата за осигурување и Националното биро за осигурување;
- име и презиме, датум и место на раѓање, постојана или привремена адреса и ЕМБГ на лицата инволвирани во настанатите штети, како и истите податоци за сведоците; тип на штета на настанот; место, време и, се разбира, насоката на штетата, опис на штета од настанот, исто така, можат да бидат собрани од бази на податоци поставени во рамките на Министерството за внатрешни работи;
- податоците од кривични дела и прекршоци во однос на направените штети, исто така, можат да бидат собирани од бази на податоци формирани во рамките на судските органи;
- здравствени податоци како што се: краткорочните повреди и здравствена состојба, тип на физичка повреда, времетраење на третманот и последиците за осигуреното лице, како и за подносителот на барањето за надомест на штета; трошоците за лекување, лекови и ортопедски помагала за осигуреното лице и подносителот на барањето за надомест на штета од бази на податоци формирани во рамките на здравствените институции;
- податоци кои се однесуваат на приходите на осигуреното лице и подносителот на барањето за надомест на штета може да се соберат од базата на податоци на работодавачот, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Министерството за труд и социјална политика;
- податоци кои се однесуваат на пензија (старосна или инвалидска), преквалификација и степенот на инвалидитет на осигуреното лице и подносителот на барањето за надомест на штета може да се соберат од базите на податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

***Прашање: Кои се базите на податоци од кои Националното биро за осигурување собира лични податоци?***

Слично како друштвата за осигурување, Националното биро за осигурување собира податоци од друштвата за осигурување, Министерството за внатрешни работи и Информативни центри од други земји-членки на Европската Унија.

***Прашање: Дали осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето може да задржат фотокопија од лична карта или пасош?***

Согласно важечката законска регулатива и особено Законот за спречување на перење пари и други приноси од казнено дело и финансирање на тероризам, осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето се обврзани да извршат идентификување и потврување на идентитетот на осигурениците.

Потврдувањето на идентитетот се врши со поднесување на оригинален и важечки документ, лична карта или пасош, или копија од лична карта или пасош заверена кај нотар.

***Прашање: Во кои случаи осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето можат да ги откријат личните податоци на трети лица?***

Собраните и обработени лични податоци може да бидат откриени од страна на осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето:

- ако податоците се потребни за утврдување на факти во кривични постапки или други судски постапки и ако имаат добиено писмено барање од надлежен суд;
- во случаи предвидени со Законот за спречување на перење пари и други приноси од казнено дело и финансирање на тероризам;
- ако податоците се потребни за утврдување на правните врски помеѓу субјектите и нивните осигуреници или други корисници на осигурувањето;
- ако податоците се потребни за вршење на извршни постапки над недвижен имот на осигурено лице или друг корисник на осигурување;
- ако податоците се побарани од Агенцијата за супервизија на осигурување или од друг надлежен орган за надзор;
- ако податоците се бараат од страна на даночен орган, во однос на водење на постапки во рамките на својата надлежност.

***Прашање: Дали осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето смеат да вршат директен маркетинг за нови производи, услуги, наградни игри?***

Согласно Законот за заштита на личните податоци, обработката на личните податоци за цели на директен маркетинг е дозволена само по претходно добиена согласност од субјектот на личните податоци. Согласноста треба да биде изречно дадена од страна на осигуреникот, односно треба да ни биде дадена можност да избереме дали ќе ја дадеме или нема да ја дадеме својата согласност за цели на директен маркетинг.

При обезбедувањето на согласноста треба да ни биде оставена можност за избор на начинот на кој ќе бидеме известувани за наградните игри и промоциите (телефонски, по пошта или по електронска пошта). На наше барање, осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето се должни да ги дополнат, изменат, избришат или пак, да го сопрат користењето на личните податоци.

***Прашање: Дали осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето смеат да ги пренесат нашите податоци во други земји?***

Преносот на нашите лични податоци во други земји не е незаконски доколку за тоа постои договор помеѓу оној кој ги пренесува и оној кој ги прима податоците. За преносот на нашите лични податоци во земјите на ЕУ, осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето треба да ја известат Дирекцијата за заштита на личните податоци, додека за преносот во земји кои не се членки на ЕУ треба да се издаде посебно одобрение.

Во секој случај, осигурителните компании, осигурителните брокерски друштва, осигурителните агенти и друштвата за застапување во осигурувањето се должни да ги известат своите осигуреници дека нивните лични податоци ќе бидат дадени на натамошна обработка во друга земја.

***Прашање: На кого и кои лични податоци содржани во збирките на лични податоци на Националното биро за осигурување, Бирото може да ги открие?***

Националното биро за осигурување преку Информативниот центар е должен да ги даде следниве лични податоци на барателите:

- име и адреса на друштвото за осигурување со која личноста која ја предизвикала несреќата има склучено договорот за осигурување на моторно возило;
- број на полисата за осигурување;
- името и адресата на овластениот претставник во Република Македонија, назначен од страна на друштво за осигурување на земја-членка на ЕУ, со која лицето кое ја предизвикало незгодата има склучено договор за осигурување на моторно возило;
- податоци за името и адресата на сопственикот, корисникот, односно регистрираниот

корисник на моторно возило во случај кога тужителот докажува дека тој/таа има правен интерес за добивање на таквите информации.

- податоци за името на возачот на моторно возило што предизвикал штета, за кого не се применуваат одредбите од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

## Анализа на најчести повреди

Согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08, 124/10 и 135/11), една од надлежностите на Дирекцијата за заштита на личните податоци е да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработување на лични податоци и нивната заштита, односно инспекциски надзор на спроведувањето на прописите за заштита на личните податоци.

Следејќи ја Годишната програма на Дирекцијата за заштита на личните податоци и месечните планови за вршење на инспекциски надзори во текот на 2011, 2012 и 2013 година (**http://www.dzlp.mk/mk/mesecni%20planovi**), беа опфатени друштвата за осигурување од аспект на применувањето на прописите за заштита на личните податоци во областа на осигурувањето.

При вршењето на инспекциските надзори беа опфатени прописите од областа на осигурувањето, прописите за супервизија на осигурувањето и прописите за задолжително осигурување во сообраќајот.

Исто така, со инспекциските надзори беше опфатено и постапувањето на друштвата за осигурување при обработката на личните податоци содржани во нивните воспоставени бази на податоци, според прописите за супервизија на осигурување, и тоа:

- база на податоци за осигурениците;
- база на податоци за настанати штети; и
- база на податоци за оценување на осигурително покритие и степен на оштета.

Од аспект на применувањето на прописите од областа на осигурувањето беа утврдени повреди на прописите за заштита на личните податоци од страна на друштвата за осигурување кои генерално можат да се систематизираат на следниот начин:

1. Собирање и обработка на несоодветни, нерелевантни, преобемни лични податоци, без законски основ од страна на друштвата за осигурување (како на пр. занимање, број на лична карта на осигуреникот и други лични податоци);
2. Утврдување на рокови за чување на личните податоци кои се собираат и обработуваат при применувањето на прописите од областа на осигурувањето;

3. Не донесување и не применување на целосна документација со опис на техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
4. Не применување на соодветни методи за заштита на посебните категории на лични податоци (чувствителни лични податоци), а во тие рамки и на матичниот број на граѓанинот, кои се собираат, обработуваат и чуваат од страна на друштвата за осигурување;
5. Не применување на правото на пристап и исправка на личните податоци на субјектите на личните податоци (осигуреници) до нивните лични податоци;
6. Склучување на договори со обработувачи кои не содржат одредби за заштита на личните податоци;
7. Не водење на посебна евиденција за личните податоци кои се дадени на користење на корисникот на личните податоци и причината за која личните податоци се дадени на користење;
8. Вршење на видео надзор кој не е во согласност со прописите за заштита на личните податоци;
9. Вработените не се информирани за нивните обврски за заштита на личните податоци;
10. Не вршење на внатрешна контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура и на рачната обработка на личните податоци;
11. Не вршење на периодични контроли заради следење на усогласеноста на работењето со прописите за заштита на личните податоци и со донесената документација за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
12. Не водење на целосна евиденција за секој авторизиран пристап на овластените лица и на администраторите до посебните софтверски програми кои содржат лични податоци.

## Рок за чување на личните податоци

Рокот на чување на личните податоци во збирките на лични податоци на Информативниот центар на Националното биро за осигурување е најмалку седум години по истекот на регистрацијата на моторното возило или по истекот на договорот за осигурување.

Рокот на чување на личните податоци собрани и обработени од страна на осигурителните компании е десет години по истекот на договорот за осигурување или по затворањето на случајот за настаната штета.

Оваа одредба е во согласност со начелата за заштита на личните податоци, дека личните податоци не се чуваат подолго отколку што е потребно да се исполнат целите за кои податоците се собрани.

## Службеник за заштита на личните податоци

Друштвата за осигурување, Националното биро за осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување, осигурителните брокерски друштва и агенциите за осигурување се обврзани да назначат службеник за заштита на личните податоци, поради фактот дека службеникот за заштита на личните податоци генерално е одговорен за спроведување на прописите за заштита на податоците во праксата.

Службеникот за заштита на личните податоци:

- е одговорен за законито остварување на правото на заштита на личните податоци;
- ја следи усогласеноста со законот;
- ги изработува внатрешните прописи;
- ја координира контролата на постапките и упатствата;
- предлага обука на вработените во врска со заштитата на личните податоци.

## Улогата на Дирекцијата за заштита на личните податоци

Дирекцијата за заштита на личните податоци е одговорна за правилно спроведување на Законот за заштита на личните податоци. Ова значи дека Дирекцијата се грижи за заштита на личните податоци на граѓаните и ги заштитува нивните права.

Оваа улога Дирекцијата ја врши преку одлучување по барање на граѓаните за утврдување на повреда на правото на заштита на нивните податоци преку инспекциски надзор - спроведување на инспекција по службена должност за да се провери дали прописите за заштита на податоците се спроведуваат правилно.

Дирекцијата нема само репресивна улога - да ги решава проблемите само кога ќе се појават. Наместо тоа, улогата на Дирекцијата е да ги запознае граѓаните одблиску со нивните права.

## Пријавување на злоупотреби на личните податоци

**Барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци**

Доколку некој смета дека е неговото право на заштита на личните податоци е повредено, може да поднесе **Барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци.** Дирекцијата за заштита на лични податоци ќе контактира со лицето заради понатамошно постапување по истото барање.

**Иницијатива за вршење на инспекциски надзор**

Поведувањето на постапка за инспекциски надзор пред Дирекцијата за заштита на личните податоци е едноставно и бесплатно. Сè што треба да се направи е да се опише проблемот во образецот **Иницијатива за вршење на инспекциски надзор**.

Пополнетиот образец може да се достави електронски на e-mail: **contact@dzlp.mk**.



НА СИГУРНО СИ!

Дирекција за заштита на лични податоци